# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

февруари, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 24.02.2020 година, постапката започна од почеток поради промена на судечки совет. На прашање на судот обвинетите се произнесоа за вина и странките останаа на своите воведни говори. На ова рочиште се изведоа дел од материјалните докази предложени од страна на обвинителството.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 28.02.2020 година, постапката започна од почеток поради промена на судечки совет. Рочиштето се одложи за да може судот да се произнесе во врска со приговорот и доказите кои беа приложени од страна на одбраната како оспорување на вештачењето предложено од страна на обвинителството.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 11.02.2020 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради тоа што предметот со сите списи се наоѓа во Врховниот суд.

## „БОЖИНОВСКИ“ КОК-46/19

На 11.02.2020 година, судот донесе и јавно објави ослободителна пресуда за обвинетиот во овој предмет.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 07.02.2020 година  рочиштето продолжи во доказна постапка со вкрстеното испитување на вештак од областа на финансиите од страна на одбраната.

На 19.02.2020 година се одложи рочиштето поради тоа што не беа доставени писмено прашањата до вештото лице од страна на одбраната.

На 27.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитано едно вешто лице предложено од страна на јавниот обвинител. Вештото лице беше испитано вкрстено, од страна на одбраната.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 12.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок, предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 14.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 24.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 28.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 10.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 20.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 03.02.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани двајца сведоци.

На 19.02.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 21.02.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани тројца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 27.02.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТРЕЗОР“ КОК-60/17**

На 06.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител на еден од обвинетите.

На 20.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведувани материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 26.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

**„ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17**

На 07.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше дадена одбраната од страна на тројца обвинети, а беа прочитани и исказите на уште двајца обвинети дадени во текот на претходната постапка. Дополнително на рочиштето беше испитан и еден технички советник, а се продолжи и со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 11.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок и четири обвинети лица. Дополнително беа изведени и материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 14.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца обвинети лица и притоа се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 18.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа обвинителството и судот се произнесоа во врска со предлог листата на докази од страна на одбраната.

На 20.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитано едно вешто лице, на предлог на јавниот обвинител.

На 28.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 03.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

**„Организатори 27ми април“ КОК-2/20**

На 21.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што на одбраната не и биле доставени сите докази од страна на обвинителството.

На 26.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа, јавниот обвинител даде воведен говор, а обвинетите се произнесоа по однос на вина.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 13.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 06.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа, постапката започна одново поради промена на судечки совет, беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката.

На 14.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи на барање на обвинетиот, кој изјави дека не е во можност активно да ја следи постапката додека прима медицинска терапија.

На 18.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази, предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „РЕКЕТ“ КОК-116/19

На 06.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 07.02.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 10.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, а заради здравствени причини.

На 11.02.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази на предлог на застапникот на обвинението.

На 13.02.2020 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 17.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението. Доказите беа обезбедени со посебни истражни мерки.

На 18.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази. Судот донесе решение за исклучување на јавноста на судењето, а  беше дозволено присуство на стручна јавност.

На 20.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 27.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца сведоци.

На 28.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведоци.

## „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На 19.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок кој се наоѓа во странство.

## „ТАЛИР 2“ КБР.1413/19

На 25.02.2020 година, постапката започна од почеток поради промена на судечки совет. На ова рочиште за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката и се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

## „ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19

На 06.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани две вешти лица, на предлог на јавниот обвинител.

На 19.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитано едно вешто лице, предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 26.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет, поради тоа што истиот не беше спроведен од куќен притвор.

## „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР " КБР.1904/16

На 12.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продложи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

На 24.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на технички советник, повикан од страна на одбраната.

## „ТОРТУРА" КБР.1959/17

На 04.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на докази предложени од страна на јавниот обвинител и оштетениот во постапката.

На 17.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази. На рочиштето судот донесе решение за исклучување на јавноста и беше дозволено присуство на стручна јавност.

На 27.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан оштетениот на предлог на јавниот обвинител.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ" КБР.817/11

На 10.02.2020 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На 11.02.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок, предложен од страна на одбраната.

На 26.02.2020 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на сведок.

## „ПИНО СЕКОНДО" КБР.1878/19

На 04.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението. Дополнително, на рочиштето беа изведени и материјални докази, од страна на јавниот обвинител.

На 17.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

На 24.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

---

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


март, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 10.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице повикано од страна на застапникот на обвинението.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети кои се во изолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на шест сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 11.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 13.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отуство на еден од обвинетите во постапката.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 10.03.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.03.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 09.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 02.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 06.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 10.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа продолжија странките со давање на завршни зборови.

На 11.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа странките ги дадоа завршните зборови, со тоа главната расправа заврши. Судот закажа објава на пресуда на 31.03.2020 година.

На 31.03.2020 година, судот јавно ја објави пресудата по предметот. Судот ги огласи сите обвинети за виновни и изрече ефективна казна затвор за 11 обвинети лица и алтернативна мерка условна осуда за 10 обвинети лица.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 09.03.2020 година, беше јавно објавена пресудата. Судот донесе осудителна пресуда за 4 лица од кои: за првообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години, за второ и третообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години и 6 месеци, за четвртообвинетиот, условна осуда во траење од 2 години, додека пак за петтообвинетиот изрече ослободителна пресуда. За сите обвинети е изречена и казна- забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**„27ми април - организатори“ КОК-2/20**

На 09.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 02.03.2020 година, постапката започна од почеток поради промена на судечки совет. На ова рочиште беа дадени воведните говори од страна на странките во постапката.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 06.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет кој е во самоизолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

**„РЕКЕТ“ КОК-116/19**

На 03.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 06.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок и беа изведени дел од материјалните докази предложени од страна на одбраната.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на првообвинетиот.

На 13.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на втородобвинетата во постапката.

**„ИЗГРЕВ“ КОК-88/15**

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што вештачењето не беше изготвено, а е предложено од страна на одбраната.

**„ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17**

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 16.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет кој е во самоизолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

На 31.03.2020 година судот јавно ја објави пресудата по предметот. Судот ги огласи обвинетите за виновни и им изрече ефективна казна затвор во траење од 3 години и 6 месеци.

**„ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19**

На 05.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден вештак и беа изведени материјалните докази предложени од страна на јавното обвинителство.

**„ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19**

На 13.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

**„ТАМАРА“ КБР.930/18**

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и еден од обвинетите.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.




# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



април/мај, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

***Согласно одлуките и препораките на надлежните органи, а со цел превенција и заштита од КОВИД-19 вирусот, судовите во РСМ судат само итни и приоритетни предмети.**

## „27ми април - организатори“ КОК-2/20

На 15.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одлагање е по барање на одбраната, поради користење на мерките од Владата за намалување на ризикот од ширење на КОВИД-19 вирусот.

На 28.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Рочиштето се одложи по барањето на одбраната, поради користење на мерките од Владата за намалување на ризикот од ширење на КОВИД-19 вирусот.

На 11.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 13.05.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 15.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на обвинителството.

## „НАСИЛСТВО ВО ШТИП“ КБР- 249/20

На 23.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи, по барање на бранителот на обвинетите, а заради подготовка на одбрана.

На 28.04.2020 година, на рочиштето за главна расправа, обвинетите во постапката признаа вина. Судот закажа објава на пресуда на 30.04.2020 година.

На 30.04.2020 година, судот јавно ја објави пресудата.По претходно признание на вина од страна на обвинетите судот донесе осудителна пресуда за двајцата обвинети и им изрече ефективна казна затвор во траење од 2 години и 6 месеци.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 18.05.2020 година, беа дадени воведните говори од страна на јавниот обвинител и на дел од обвинетите и нивните бранители.

## „РЕКЕТ“ КОК-116/19

На 03.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, и притоа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 09.04.2020 година, на рочишето за главна расправа не беа преземени дејствија кои беа предвидени- односно не се продолжи со дополнение на доказна постапка поради многуте предлози и приговори во врска со доказните материјали кои обвинителството напомена дека ќе ги изведува. Во насока на тоа, рочиштето за главна расправа се одложи, а заради тоа што судечкиот совет донесе процесни решенија со цел промена во изведувањето на дополнителните докази на обвинителството.

На 10.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одложувањето е поради вршење на прегледи на притворените лица за КОВИД-19 вирусот.

На 24.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 05.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка. Во текот на рочиштето беа изведени материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 07.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан првообвинетиот на предлог на одбраната.

На 08.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитана второобвинетата на предлог на одбраната.

На 26.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа, јавниот обвинител ги даде своите завршни зборови.

**„ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19**

На 26.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната

**„27 ми април – јавна седница пред Апелационен суд Скопје“ КОКЖ-39/19**

На 27.05.2020 година, се одржа јавна седница во Апелациониот суд Скопје. Судијата известител накратко ја реферираше првостепената пресуда донесена од Основниот кривичен суд Скопје и ги најави жалбените наводи на странките во постапката.

На 28.05.2020 година, за време на јавната седница во Апелациониот суд Скопје, дел од бранителите на обвинетите ги истакнаа жалбените наводи во однос на првостепената пресуда.

На 29.05.2020 година јавната седница продолжи со истакнување на жалбените наводи од страна на обвиниетите и нивните бранители во постапката, а јавниот обвинител исто така се произнесе на јавната седница.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јуни, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 16.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице повикано од страна на јавниот обвинител.

На 25.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице, на предлог на застапникот на обвинението.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 12.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

На 19.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 01.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на дел од одбраната. Дополнително, на рочиштето се изведуваа и материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 08.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, со изведување на материјални докази од страна на застапникот на обвинението.

На 15.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од јавниот обвинител.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 17.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

На 29.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок, повикан од страна на јавниот обвинител.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 02.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, со испитување на еден сведок предложен од страна на обвинителството.

На 09.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на обвинителството.

На 19.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок, предложен од страна на јавниот обвинител.

На 30.06.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 10.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранители.

На 26.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 04.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а поради користење на мерки од Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

На 23.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради на бранител, а поради користење на мерки од Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

**„РЕКЕТ“ КОК-116/19**

На 01.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на првообвинетиот и неговиот бранител.

На 02.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на второобвинетата и нејзините бранители.

На 18.06.2020 година, судот донесе осудителна пресуда со која обвинетите ги огласи за виновни и изрече казна ефективен затвор во траење од 9 години за првообвинетиот и казна ефективен затвор во траење од 7 години за второобвинетата.

**„ТИТАНИК “ КОК-7/18**

На 03.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 18.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

На 29.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

На 17.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа странките приговараа по однос на докази кои одбраната, преку писмени поднесоци, побарала од судот да и бидат доставени од страна на обвинителството. Рочиштето се одложи за да може судот да одлучи по ова барање.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 22.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на странките, а поради промена на начинот на кој ќе бидат изведени материјалните докази од страна на обвинителството.

**„ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19**

На 08.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, со испитување на технички советник од страна на одбраната.

**„ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19**

На 10.06.2020 година, постапката започна одново поради промена на судечки совет и истата продолжи со давање на воведни зборови и изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител.

**„ТАМАРА“ КБР.930/18**

На 12.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетите.

**„ТАЛИР 2“ КБР.1413/19**

На 16.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија поротник.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 17.06.2020 година, на рочиштето за главен претрес, странките приговараа по однос на докази кои одбраната бара да и бидат доставени од страна на полномошникот на оштетениот. Рочиштето се одложи за да може судот да одлучи по ова барање.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 17.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 22.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на дел од обвинетите.

KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јули, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот и неговиот бранител. Судот на обвинетиот му определи мерка притвор во траење од 30 дена.

На 24.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше изнесена содржината на обвинителниот предлог од страна на јавниот обвинител. Главната расправа беше прекината по барање на одбраната бидејќи не им се доставени доказите од јавното обвинителство.

На 27.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа започна доказната постапка и беа испитани 4 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство. Одбраната на обвинетиот поднесе барање за изземање на судијата кој што го суди предметот и на Претседателот на Основниот суд во Велес, па поради тоа главната расправа беше прекината.
На 28.07.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 4 сведоци на предлог на јавниот обвинител.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинтел.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 07.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 14.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок повикан од страна на јавниот обвинител.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 10.07.2020 година во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 03.07.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок повикан од страна на застапникот на обвинението.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 13.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19

На 01.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 13.07.2020 година, на рочиштето беше јавно објавена пресудата по овој предмет. Судот донесе осудителна пресуда и изрече казна ефективен затвор во траење од 19 години.

### „МАРИГЛЕН“ КБР1271/16

На 02.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на странките во постапката.

### „ТАЛИР 2“ КБР.1413/19

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 14.07.2020 година, се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 16.07.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани вкупно 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЛАСКАРЦИ “ КБР.1407/19

На 06.07.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице.

На 13.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради изолација на еден од обвинетите.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 01.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради поднесено барање за изземање од страна на обвинетите и одбраната за застапникот на обвинението.

На 21.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на јавниот обвинител и дел од одбраната.

На 23.07.2020 година, на рочиштето за главна расправа, воведни говори беа дадени од дел од обвинетите и нивните бранители.

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки

Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk

Август, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 04.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени доказите на странките во постапката, а исказ даде и обвинетиот. По заклучување на главната расправа судот јавно ја објави пресудата со која го огласи обвинетиот за виновен и му определи казна ефективен затвор во траење од 3 години и 6 месеци. По изрекување на пресудата мерката притвор беше укината од страна на судот.

## „НАСИЛСТВО ВО ОШПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 17.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа се предлагаа нови докази од страна на одбраната.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 25.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани вкупно пет сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 26.08.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани седум сведоци на предлог на јавното обвинителство.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 31.08.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци, на предлог на јавното обвинителство.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 18.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани три вешти лица.

На 19.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

На 21.08.2020 година, во фаза на доказна постапка, беа изведени материјални докази на предлог на првообвинетиот во постапката.

На 26.08.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази на предлог на првообвинетиот во постапката.

## „КОЛИБРИ“ КОК-64/20

На 21.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на обвинителството и одбраната.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 14.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 26.08.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

На 31.08.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок, на предлог на јавниот обвинител.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 25.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази на предлог на јавното обвинителство.

**„ЛАСКАРЦИ “ КБР.1407/19**

На 27.08.2020 година, главната расправа формално започна од почеток, поради промена на судија поротник како член на судечкиот совет. Истата продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 26.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа започна доказната постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство, при што за дел од доказите јавноста беше исклучена заради заштита на приватниот живот на обвинетите. Судот дозволи присуство на претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ во својство на стручна јавност, согласно член 355 став 2 од ЗКП.

**„ТИТАНИК 2“ КОК-7/20**

На 27.08.2020 година беше насрочено рочиште за главна расправа откако предметот беше вратен од Апелациониот суд на повторно судење. Главната расправа по предметот започна со давање на воведни говори од страна на странките во постапката.



КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Септември, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 16.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 6 сведоци на предлог на обвинителството.

На 22.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 сведоци предложени од страна на обвинителството.

На 29.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 10 сведоци предложени од страна на обвинителството. Сведоците беа предложени и од страна на одбраната, но предлогот за нивно испитување беше повлечен.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 02.09.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 2 сведоци, предложени од страна на обвинителството.

На 14.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 6 сведоци на предлог на обвинителството.

На 22.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 18 сведоци-оштетени на предлог на обвинителството.

На 30.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 13 сведоци-оштетени.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 25.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа обвинителството се произнесе по однос на доказите, но беше отсутен претставник на Државното правобранителство којшто со писмен поднесок го известил судот дека бара увид во предметот.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 10.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 7 сведоци на предлог на одбраната.

На 28.09.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради преклопување на обврските на еден обвинет и бранителите на обвинетите во овој предмет по однос на предметот „Насилство во општина Центар".

## „КОЛИБРИ“ КОК-64/20

На 07.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на застапникот на обвинението.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 01.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

На 14.09.2020 година на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази и презентирани аудио-снимки предложени од страна на јавното обвинителство.

На 30.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

### „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 03.09.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани 2 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 10.09.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 4 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 21.09.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани 2 сведоц на предлог на обвинителството.

На 25.09.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани 4 сведоци на предлог на одбраната.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 07.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа одбраната ги изнесе приговорите на вештачењето кое е дел од предложениот доказен материјал на обвинителството.

На 21.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок на предлог на обвинителството.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 03.09.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на една од обвинетите поради користење на мерките за превенција од КОВИД-19 вирусот.

На 25.09.2020 година, главната расправа почна одново (поради промена на член на судечкиот совет), со утврдување на идентитетот на обвинетите и давање на воведни говори од страна на обвинителството и одбраната.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 09.09.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 23.09.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице од здравствени причини.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 10.09.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите во постапката од здравствени причини.

На 24.09.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот од здравствени причини.

### „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 28.09.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи расправа поради преклопување на обврските на странките во овој предмет по однос на предметот „Насилство во општина Центар".

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

На 15.09.2020 година, главната расправа почна одново со воведни говори на странките, како и поука за правата и изјаснување за вина од страна на обвинетите.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 09.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 сведоци на предлог на обвинителството.

На 21.09.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 2 сведоци на предлог на застапникот на обвинението.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

На 15.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице предложено од страна на одбраната.

На 22.09.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено без да заседава судот и без претходно известување за причините.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

На 01.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 4 сведоци на предлог на обвинителството, коишто воедно се предложени и од страна на одбраната, па согласно начелата на целесообразност, ефикасност и економичност на судската постапка беа испитани и како сведоци на одбраната.

На 24.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на обвинителството, а воедно истите беа испитани и како сведоци на одбраната.

**„МАРИГЛЕН“ К-1271/16**

На 11.09.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради неуредна достава на поканата до обвинетиот.

**„МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11**

На 22.09.2020 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на јавниот обвинител кој го известил судот дека е спречен да присуствува на закажаното рочиште поради присуство на друго судење по предмет од областа на организиран криминал и корупција.

**„НАСИЛСТВО ВО ОШПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16**

На 17.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изведоа материјални докази на предлог на одбраната во дополнение на доказна постапка и со тоа заврши доказната постапка по предметот.

На 24.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа обвинителството даде завршни зборови пришто го повлече обвинението за тројца обвинети и изврши прецизирање на истото, а завршен збор даде и одбраната на двајца од обвинетите и полномошникот на оштетениот.

На 28.09.2020 година, на рочиштето за главна расправа одбраната и дел од обвинетите дадоа завршни зборови и со тоа заврши главната расправа по предметот.

На 29.09.2020 година, судот ја изрече и јавно објави првостепената пресуда. Судот ги огласи обвинетите за виновни и им определи алернативна мерка – условна осуда. Судот само на еден обвинет му определи казна ефективен затвор во траење од 1 година и 6 месеци.

### Предмет за поранешната директорка на Клиниката за дерматологија К- 1451/20

На 17.09.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради службени обврски на јавниот обвинител.

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Октомври, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 06.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани 5 сведоци од страна на јавното обвинителство. Сведоците беа предложени и од страна на одбраната, но во текот на рочиштето предлогот за нивно испитување беше повлечен.

На 19.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет поради здравствени причини.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 02.10.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани 4 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 08.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 17 сведоци-оштетени на предлог на јавното обвинителство.

На 14.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

На 16.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет поради здравствени причини.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 22.10.2020 година беше отповикан поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 06.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од страна на јавното обвинителство, на истото рочиште претставник на Државно правобранителство се произнесе по однос на имотно-правно побарување.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 08.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на одбраната.

На 16.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети кои се наоѓаат во самоизолација.

На 28.10.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинет којшто се наоѓа во самоизолација.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 22.10.2020 година, беше отповикан поради здравствената состојба на еден од обвинетите.

## „КОЛИБРИ“ КОК-64/20

На 06.10.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради преклопување на судењата со други судски предмети во кои судат исти судии.

На 07.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беше испитан технички советник предложен од јавното обвинителство.

На 22.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан заштитен сведок. Судот донесе решение за исклучување на јавноста, а согласно чл.355 ст.2 од ЗКП беше дозволено присуство на стручна јавност.

На 29.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија-поротник што се наоѓа во самоизолација.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 14.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од бранителите поради здравствени причини.

**„МОНСТРУМ“ КОК-66/17**

На 16.10.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан 1 сведок предложен од одбраната како и едно вешто лице повикано од Судот.

**„ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17**

На 01.10.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани 2 сведоци на предлог на јавното обвинителство.

На 07.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

На 27.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет поради здравствени причини.

На 29.10.2020 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет поради здравствени причини.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 15.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 5 сведоци на јавното обвинителство кои воедно се предложени и од одбраната, па во согласност со начелата за ефикасност, целисходност и економичност на постапката беа испитани и како сведоци на одбраната.

На 21.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на јавното обвинителство. Овие сведоци беа предложени и од страна на одбраната, но Судот го одби предлогот за нивно испитување.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 07.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

На 28.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 22.10.2020 година, беше отповикан поради здравствената состојба на еден од обвинетите.

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

На 26.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден обвинет од здравствени причини.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 09.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени докази предложени од страна на јавното обвинителство на начин што се изведуваа со читање записниците од претходните рочишта за главна расправа на кои биле испитани 15 сведоци. Доказите беа изведени на овој начин со претходна согласност од странките во постапката со оглед на тоа дека главната расправа започна одново.

На 15.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на одбраната.

На 29.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија-поротник што се наоѓа во самоизолација.

**„Специјална каса - УБК“ КОК-89/19**

На 19.10.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на завршни зборови, при што завршен збор беше даден од страна на јавното обвинителство.

На 22.10.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на обвинетите и нивните бранители.

На 28.10.2020 година, Судот јавно ја објави пресудата со која првообвинетиот и второобвинетиот ги огласи за виновни и ги осуди на казна ефективен затвор во траење од 6 години односно казна ефективен затвор во траење од 4 години, а спрема третообвинетата Судот донесе ослободителна пресуда.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 01.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија од здравствени причини.

На 19.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија од здравствени причини.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

На 06.10.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судија од здравствени причини.

На 26.10.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судија од здравствени причини.

**„МАРИГЛЕН“ К-1271/16**

На 27.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетиот.

**Предмет за поранешната директорка на Клиниката за дерматологија К- 1451/20**

На 22.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што не е добиен одговор од институциите во однос на барања кои ги поднела одбраната.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 14.10.2020 година главната расправа почна одново пред нов судечки совет, но рочиштето беше одложено поради немање технички услови за изведување на истото.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ К-1816/18

На 22.10.2020 година, главната расправа започна одново поради протек на 90 дена и продолжи во фаза на доказна постапка.

## „ТРЕВНИК“ К-238/18

На 22.10.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини.

## „Сериски убиец - Струмица“ К-613/20

На 22.10.2020 година, Судот јавно ја објави пресудата со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече казна доживотен затвор.

## „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

На 29.10.2020 година, рочиштето за главна расправа беше прекинато поради барање за изземање на судија, поднесено од страна на одбраната.

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



Ноември, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 24.11.2020 година рочиштето за главна расправа не се одржа поради отсуство на бранител во постапката. По дадената пауза за извршување спровод на обвинетото лице, судот го казни бранителот со парична казна од 1000 евра во денарска противвредност поради неоправдано изостанување.

На 25.11.2020 година рочиштето за главна расправа се одложи по неколкучасовно чекање, поради преклопување со друго судење во кое се обвинети дел од обвинетите лица и по овој предмет.

На 26.11.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 5 сведоци предложени од јавното обвинителство.

На 30.11.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 7 сведоци предложени од јавното обвинителство.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 05.11.2020 година беше отповикан поради отсуство на двајца обвинети од здравствени причини.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 17.11.2020 година беше отповикан поради отсуство на тројца обвинети од здравствени причини.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

На 06.11.2020 година, главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од јавното обвинителство.

Рочиштето на 13.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

На 23.11.2020 година, главната расправа продолжи со испитување на 15 оштетени лица. На истото рочиште од страна на судот беа прочитани 54 писмени известувања од страна на оштетените кои предјавуваат имотно-правно побарување.

Рочиштето на 26.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 16.11.2020 година беше отповикан поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 11.11.2020 година главната расправа продолжи со испитување на технички советник предложен од одбраната на обвинетите во постапката.

Рочиштето на 24.11.2020 година се одложи поради отсуство на вештото лице од здравствени причини.

### „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 06.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 4 сведоци на предлог на одбраната.

На 13.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 7 сведоци на предлог на одбраната.

На 16.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 6 сведоци на предлог на одбраната.

На 23.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 4 сведоци на предлог на првообвинетиот, како и беа изведени материјални докази предложени од второобвинетиот.

На 27.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беше испитан 1 сведок на предлог на одбраната. Расправата беше прекината поради покачена телесна температура на еден од обвинетите.

### „ТНТ“ КОК-53/17

Рочиштето на 04.11.2020 година се одложи поради отсуство на двајца обвинети лица од здравствени причини.

Рочиштето на 11.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

### „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

Рочиштето на 06.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранител кој што е во изолација.

Рочиштето на 13.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранител кој што е во изолација. На рочиштето надвор од главен претрес јавното обвинителство побара да се изрече мерка за обезбедување присуство-притвор за еден обвинет.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 30.11.2020 година беше отповикан поради отсуство на судија-поротник од здравствени причини.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 25.11.2020 година, главната расправа продолжи со испитување на 1 сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

Рочиштето на 20.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 19.11.2020 година, главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. На рочиштето еден од обвинетите во постапката поднесе барање за изземање на претседателката на судечкиот совет.

На 25.11.2020 година, главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. На рочиштето еден од обвинетите во постапката поднесе барање за изземање на судечкиот совет.

*Закажаниот термин за рочиштето за главна расправа за ден 13.11.2020 година беше отповикан поради отсуство на бранител од здравствени причини.

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

Рочиштето на 18.11.2020 година се одложи поради отсуство на јавниот обвинител од здравствени причини.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

Рочиштето на 10.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

Рочиштето на 03.11.2020 година се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија од здравствени причини.

Рочиштето на 06.11.2020 година се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија од здравствени причини.

Рочиштето на 13.11.2020 година се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија од здравствени причини.

На 30.11.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани 3 сведоци предложени од јавното обвинителство.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

Рочиштето на 25.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинети од здравствени причини како и поради неуредна достава на покани до странките.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

Рочиштето на 05.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

Рочиштето на 19.11.2020 година се одложи поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

**„МАЏАР ТЕЛЕКОКМ“ К-817/11**

На рочиштето одржано на 02.11.2020 година, главниот претрес започна одново поради протек на време и поради промена на судечкиот совет. Беа изведени вербални докази на предлог на обвинителството и на одбраната, на начин што со согласност на странките во постапката беа само прочитани имињата на сведоците кои претходно дале исказ.

На 12.11.2020 година главниот претрес продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната на обвинетите во постапката.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

Рочиштето на 24.11.2020 година се одложи поради отсуство на сведоци предложени од страна на одбраната.

**„МАРИГЛЕН“ К-1271/16**

Рочиштето на 13.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранителот од здравствени причини.

### Предмет за поранешната директорка на Клиниката за дерматологија К- 1451/20

На 20.11.2020 година, главната расправа започна со читање на обвинителниот предлог од страна на јавното обвинителство. Од страна на судот обвинетата беше поучена за нејзините права, а по однос на прашањето за вина истата се произнесе дека не се чувствува виновна. Главната расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од јавното обвинителство.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 18.11.2020 година, главната расправа започна одново поради истек од 90 дена од последното одржано рочиште. На ова рочиште странките дадоа воведни говори.

Рочиштето на 25.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранител, ангажиран во друг предмет во истиот термин.

### „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ К-1816/18

Рочиштето на 26.11.2020 година се одложи поради подготовка на завршни зборови.

### „ТАМАРА“ К-930/18

Рочиштето на 18.11.2020 година се одложи поради тоа што предметот е распределен кај друг судија бидејќи донесено е решение за изземање на судијата кој што го водеше предметот.

### „ТРЕВНИК“ К-238/18

На 13.11.2020 година започна главната расправа со давање на воведни говори од страна на странките во постапката.

На 17.11.2020 година, започна доказната постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. На рочиштето беа продуцирани аудио снимки.

На 24.11.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. На рочиштето беа продуцирани аудио снимки.

### „ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20

Рочиштето на 24.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранителот од здравствени причини.

### „КАТИЦА И БОЈАН“ К-637/20

Рочиштето на 18.11.2020 година се одложи поради отсуство на бранителот од здравствени причини.

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

---

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Декември, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 07.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи.

На 16.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани седум сведоци на предлог на обвинителството.

На 21.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани четири сведоци предложени од страна на обвинителството.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 04.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани три сведоци и едно вешто лице на предлог на обвинителството. За испитувањето на едниот сведок Судот донесе решение за исклучување на јавноста, но Судот дозволи присуство на претставници на Коалицијата како стручна јавност.

На 09.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано едно вешто лице на предлог на обвинителството, а за второто вешто лице Судот ќе одлучи по поднесен приговор од страна на одбраната.

На 11.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството. При изведување на доказите беше исклучена јавноста, но Судот дозволи присуство на претставници на Коалицијата како стручна јавност.

На 15.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството, при што Судот донесе решение за исклучување на јавноста, но на претставниците на Коалицијата им беше дозволено присуство во својство на стручна јавност.

На 17.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството, при што Судот донесе решение за исклучување на јавноста, но дозволи присуство на претставници на Коалицијатаво својство на стручна јавност.

На 22.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани претставник на АНБ и вештак на предлог на одбраната.

На 25.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца технички советници од областа на информатичките технологии и беше изведен материјален доказ-вешт наод и мислење предложен од страна на одбраната.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 01.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетите од здравствени причини.

На 14.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице од здравствени причини.

На 16.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок на предлог на одбраната.

На 21.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице предложено од страна на одбраната.

На 30.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше едно вешто лице и еден сведок на предлог на одбраната.

**„27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20**

На 04.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на второобвинетиот.

На 22.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани четири сведоци и едно вешто лице-технички советник предложени од одбраната.

На 25.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани единаесет сведоци на предлог на одбраната.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 04.12.2020 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради преклопување со друго судење.

На 07.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан сведок-оштетен на предлог на обвинителството.

На 15.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа се испита сведок предложен од страна на одбраната. На еден од бранителите му беше изречена парична казна поради непочитување на Судот. Рочиштето по овој предмет започна во 10:00 часот, а заврши во 18:30 часот.

**„МОНСТРУМ“ КОК-66/17**

На 11.12.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше изведен еден материјален доказ, а Судот донесе одлука да ги казни бранителите во постапката поради нивно одбивање да го застапуваат обвинетиот чијшто бранител беше отсутен од здравствени причини, при што беа поставени нови бранители по службена должност.

На 24.12.2020 година, на рочиштето за главен претрес се сослуша еден сведок на предлог на одбраната.

На 25.12.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани два сведоци на предлог на обвинителството и еден сведок на Судот, при што Судот донесе одлука за исклучување на јавноста за испитувањето на последниот сведок, но беше дозволено присуство на претставник на Коалицијата како стручна јавност.

**„ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17**

На 14.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавен обвинител од здравствени причини.

На 28.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани два сведоци на предлог на обвинителството.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 09.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок на предлог на обвинителството.

На 23.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани три сведоци на предлог на обвинителството.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 02.12.2020 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази на предлог на обвинителство.

На 10.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на предлог на обвинителството.

На 25.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок - вработен во МВР што учествувал во изготвување на извештај од форензичко исчитување на мобилните уреди на обвинетите.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 04.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани три сведоци на предлог на одбраната, додека пак за останатите тројца сведоци Судот донесе решение да не бидат прифатени како вербални докази бидејќи не се релевантни за кривично-правниот настан.

На 17.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа Судот го одби предлогот на одбраната за испитување на двајца сведоци.

На 30.12.2020 година, на рочиштето за главна распава се одложи бидејќи е исцрпена листата на докази од страна на одбраната.

**„КОЛИБРИ“ КОК-64/20**

На 01.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

На 18.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетата од здравствени причини.

**„ТИТАНИК 2“ КОК-7/20**

На 21.12.2020 година, главната расправа почна одново поради протек од 90 дена од последно одржано рочиште. Јавниот обвинител и одбраната дадоа воведни говори.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 16.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок на предлог на обвинителството и беа прочитани исказите на тројца сведоци.

На 21.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше прочитан исказ на сведок даден пред Специјалното јавно обвинителство, за кого е добиено известување дека е недостапен.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

На 23.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на три обвинети и еден бранител.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

На 01.12.2020 година на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци на предлог на обвинителството.

На 24.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа тројца сведоци на обвинителството.

**„МАЏАР ТЕЛЕКОКМ“ К-817/11**

На 24.12.2020 година, на рочиштето за главен претрес се расправаше по однос на поднесен предлог од одбраната за изведување на материјални докази, но поради службени обврски на јавниот обвинител претресот се прекина.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

На 01.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци предложени од одбраната на третообвинетиот.

На 03.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан технички советник на предлог на одбраната.

На 10.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца сведоци на одбраната.

На 17.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице на предлог на одбраната.

На 24.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани двајца вештаци и еден сведок на предлог на одбраната.

**„МАРИГЛЕН“ К-1271/16**

На 24.12.2020 година, на рочиштето главната расправа почна одново поради протек на 90 дена, обвинителството остана на поднесеното обвинение, а обвинетиот се изјасни дека не е виновен,. Рочиштето продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство, а претставник на Државното правобранителство на РСМ предјави имотно-правно побарување.

**„ТОТАЛ“ К-1493/17**

На 14.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител што во исто време бил ангажиран и на друг предмет

**„МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ К-1816/18**

На 10.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови и беше донесена ослободителна пресуда.

**„ТРЕВНИК“ К-238/18**

На 10.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот од здравствени причини.

**„ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20**

На 18.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа се изнесе содржината на обвинителниот предлог, се испита оштетената и беа изведени материјални докази предложени од страна на обвинителството.

На 25.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот од здравствени причини.

**„УБИСТВОТО НА АНГЕЛ“ К-2882/20**

На 15.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вешти лица од областа на судската медицина на предлог на обвинителството.

На 21.12.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице предложено од страна на обвинителството.

**„ТАМАРА“ К-930/18**

На 18.12.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи бидејќи предметот се наоѓа во Апелационен суд Скопје.

**„ДРУМАРИНА“ К-2799/20**

На 24.12.2020 година, рочиштето главната расправа започна со воведни говори на странките во постапката.